**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**бр. 02-188/4**
**Скопје,20.12.2023 година**

Записник од деведесет и втора седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 20.12.2023 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин Ицет Мемети Заменик претседател
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-дин Антонио Јолевски член
г-дин Љубомир Јовески член
г-дин Влатко Георгиевски член
г-ѓа Јасна Жежова член
г-дин Арбер Исаку член
г.Ермон Незири член
г-ѓа Кети Петкова член
г-ѓа Фиданка Рајевска член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на деведесет и втора седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

1. Разгледување и усвојување на записникот од 91 (деведесет и првата) седница.
2. Донесување на одлука за избор на јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.
3. Донесување на одлука за избор на јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Гостивар.
4. Донесување на одлука за престанок на функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје за јавниот обвинител Искра Лазарова поради исполкнување на услови за старосна пензија.
5. Донесување на одлука за престанок на функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје за јавниот обвинител Гордана Ѓешкоска поради исполкнување на услови за старосна пензија.
6. Донесување на одлука за престанок на функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Ресен за јавниот обвинител Сребре Јовановски поради исполкнуваењ на услови за старосна пензија.
7. Донесување на одлука за престанок на функција јавен обвинител по сопствено барање од јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје, Мартин Митревски.
8. Разно.

. Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 92-та седница на Советот.

Под точката два од дневниот ред, Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Советот има објавено оглас за избор на двајца јавни обвинители во Јавното обвинителство на РСМ и дека на огласот се имаат пријавено вкупно осум кандидати. Воедно ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето во кариерата на кандидатите, кажа дека сите се позитивно оценети, а за кандидатот Златко Биковски кажа дека во тек се води дисциплинска постапка по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-дин Антонио Јолевски кој кажа дека сите кандидати се искусни јавни обвинители, дека тоа може да се види и преку следењето на месечните извештаи. Истакна кој да биде избран со успешност би ја извршувал таа функција. Воедно се осврна на кандидатот Златко Биковски за кого кажа дека не по негова вина се води дисциплинската постапка и смета дека не е пречка за да биде избран за јавен обвинител во ЈОРСМ, од причина што постапката не е правосилно завршена.

Г-дин Ермон Незири кажа дека доаѓа од ОЈО Скопје, дека со сите кандидатил имал прилика да работи и имајќи ги во предвид моменталните состојби во ЈОРСМ, цени дека и тие што денес нема да бидат израни ќе добијат шанса на некој од наредните огласи за избор на јавни обвинители во ЈОРСМ. Кажа дека станува збор за мали нијанси кои ќе одлучат кој од кандидатите ќе биде избран и смета дека Советот нема да погреши кој и да биде избран од пријавените кандидати.

Чен на Советот смета дека Советот ќе има тешка задача при денешниот избор од причина што станува збор за одлични кандидати, стручни и професионалци, докажани во досегашната работа по сложени предмети и смета дека секој би одговорил позитивно на укажаната доверба.

Г-ѓа Кети Петкова кажа дека согласно Законот за јавното обвинителство нема мерит системи и нема оценки со градација туку се бара само позитивно или негативна оценка. Се согласни со дискусијата на претходните говорници дека станува збор за мали нијанси кои ќе одлучат кои двајца од кандидатите ќе бидат избрани за јавни обвинители во ЈОРСМ.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија..

**Кандидатот Маја Конеска доби 3 гласа ЗА, 5 глассa ПРОТИВ и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Лиле Стефанова доби 11 гласа ЗА, кандидатот Валентина Стојановска доби 5 гласа ЗА 2 гласа ПРОТИВ и 4 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Сузана Мирческа Кузмановска доби 1 глас ЗА 9 гласа ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН, кандидатот Деса Пауновска доби 5 гласа ЗА 3 гласа ПРОТИВ и 3 гласа ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Наум Паноски доби 11 гласа ЗА, кандидатот Златко Биковски доби 5 гласа ЗА 5 гласа ПРОТИВ и 1 глас ВОЗДРЖАН и кандидатот Даница Моцева доби 2 гласа ЗА 7 гласа ПРОТИВ и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ.**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Лиле Стефанова и Наум Паноски за јавни обвинители во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. Функцијата јавен обвинител ќе ја извршуваат од 01.01.2024 година.**

Се помина на точката три од дневниот ред избор на јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Гостивар. Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска

кажа за избор на јавни обвинители во ВЈО Гостивар се имаат пријавено тројца кандидати и тоа јавните обвинители Диљавер Бектеши, Башким Хисени и Целал Хусмани. Претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот со кратката биографија и движењето на кариерата на кандидатите. Кажа дека кандидатите се позитивно оценети по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Член на Советот кажа дека јавниот обвинител Диљавер Бектеши е јавен обвинител во ВЈО Скопје, дека се има пријавено на огласот да ја извршува функцијата јавен обвинител во ВЈО Гостивар. Кажа дека тука не треба многу да се коментира од причина што станува збор за докажан јавен обвинител на оваа функција. За јавниот обвинител Башким Хисени кажа дека има стаж како јавен обвинител од скоро четиринаесет години, воедно напомена дека кандидатот ја извршувал функцијата јавен обвинител на ОЈО Гостивар, дека се има докажано како многу добар раководител на ова јавно обвинителство и дека се справил со големиот број на нерешени предмети. За кандидатот Целал Хусмани кажа дека е јавен обвинител во ОЈО Гостивар, истакна дека како координатор за тоа подрачје лично го познава и потенцираше дека од месечните и годишните извештаи има голема бројка на нерешени предмети. Воедно кажа дека има добиено претставка од лице кое што било оштетено од страна на јавниот обвинител поради непостапување по предметот Укажа дека лично ги проверил наводите во ВЈО Гостивар и по извршениот надзор било констатирано дека јавниот обвинител Целал Хусмани не превземал никакви дејствија со што го застарил кривичното гонење по предметот. Воедно кажа дека за овој случај бил известен и Советот од негова страна и Советот одлучил да го извести Јавното обвинителство за овој случај за да превземат понатамошни дејствија. Кажа дека дава подршка за кандидатите Диљавер Бектеши и Башким Хисени.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовески кажа дека состојбата како и за претходните кандидати како за изборот во ЈОРСМ, смета дека кој од овие тројца кандидати да биде избран нема да се погреши. За јавниот обвинител Диљавер Бектеши кажа дека веќе е истакнат јавен обвинител во ВЈО Скопје, за јавниот обвинител Башким Хисени кажа дека е точно дека ја извршувал функцијата шеф на ОЈО Гостивар, но истакна дека значајна улога во средувањето на состојбите во ОЈО Гостивар имало и ВЈО Гостивар, додека за јавниот обвинител Целал Хусмани кажа дека овие податоци се од претходен период и дека во овој момент со успех ја извршува функцијата и дека станува збор за еден од подобрите јавни обвинители. Во делот на бројот на предметите кажа дека ЈОРСМ нема целосно согледување и дека тоа е во надлежност на ВЈО Гостивар, кажа дека сите јавни обвинители во РСМ не примаат иста бројка на предмети.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова кажа дека како координатор на ова подрачје ги добива месечните извештаи и сите поплаки и преставки по кои како кооринатори со колегата Влатко Георгиевски постапуваат по истите. Истакна де се има увид на бројот на предмети кои се во работа и постапувањето по истите и дека нема таков впечакот како колегата Арбер Исаку, напротив кажа дека јавниот обвинител Целал Хуусмани добро ја совладува бројката на предмети. Воедно кажа дека и при водењето на интерјвуата кандидатите оставиле солиден впечаток на комисијата. Водно кажа дека треба да се води сметка при изборот за бројот на јавни обвинители во основните јавни обвинителства и да не се доведат во подредена состојба, го посочи ОЈО Тетово каде што има проблем со бројот на јазни обвинители и смета дека доколку кандидатот Башким Хисени биде избран за јавен обвинител во ВЈО Гостивар, бројот на јавни обвинители во ОЈО Тетово ќе се намали. Од тие причини кажа дека ќе гласа за кандидатот Целал Хусмани и Диљавер Бектеши.

Г-дин Влатко Георгиевски кажа дека како координатор за подрачјето на ВЈО Гостивар ја подржа колешката Кети Петкова и дополни дека по однос на повеќето јавни обвинители стигнуваат претставки кои во помал број се основани, додека останатите се неосновани. Во конкретниот случај за претставката против јавниот обвинител Целал Хусмани, кажа дека било известено ЈОРСМ и смета дека доколку истата била од таков карактер дека по вина на јавниот обвинител дошло до застарување на предметот,

ЈОРСМ би покренал постапка. Смета дека оваа преставка не треба да биде пречка при неговиот избор за јавен обвинител во ВЈО Гостивар. особено што станува збор за јавен обвинител кој има долгогодишно јавно обвинителско искуство и кој што за некое време ќе замине во пензија смета дека треба да ја добие поддршката на Советот.

Г-дин Иџет Мемети смета дека важен сегмент е дека во повеќе јавни обвинителства недостасува јавнообвинителски кадар и воедно кажа дека и кога бил објавен огласот за избор на јавни обвинители во ВЈО Гостивар, било начнато ова прашање да се води сметка од кои јавни обвинителства ќе се избираат јавни обвинители. По однос на кандидатите смета дека сите имаат работно искуство за да можат солидно да ја извршуваат функцијата јавен обвинител во ВЈО Гостивар.

Чен на Советот даде појаснување во однос на претставката против јавниот обвинител Џелал Хусмани, кажа дека кога ја реферирал пред Советот, укажа дека небило од него лично констатирано дека е основана, туку тоа било костатирано од страна на Вишиот јавен обвинител при извршените контроли.

Г-ѓа Светлана Жупаноска истакна дека како член на комисијата која ги спровева интервјуата, тројцата кандидати покажале спремност да одговорот на предизвиците како јавни обвинители во ВЈО Гостивар. Се согласи со дискусијата на колегата Иџет Мемети дека треба да се води сметка при изборот од кои јавни обвинителства ќе се избираат јавните обвинители, а се со цел да не се наруши нормалното функционирање на Јавното обвинителство од кај ќе биде избран кандидатот. Кажа дека во овој момент ОЈО Тетово има недостиг од јавнообвинителски кадар и смета дека доколку уште еден јавен обвинител замине негативно ќе влијае врз функционирањето на ова јавно обвинителство.

Чен на Советот истакна дека во ОЈО Тетово во овој момет има шест јавни обвинители кои постапуваат по предмети, додека пред некое време ова јавно обвинителство функционирало и со двајца јавни обвинители кои ажурно и стручно постапувале по предметите. Воедно кажа дека согласно структурата на кривичните дела и на предметите по кои постапува ОЈО Тетово, 70% се со скратена постапка, така што не гледа пречка некој од јавните обвинители биде унапреден во својата кариера.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска се согласи со даденото мислење од страна на координаторите за подрачјето на ВЈО Гостивар и на Јавниот обвинител на РСМ, како и на колегите Иџет Мемети и Светлана Жупаноска. Воедно кажа дека се работи за тројца кандидати кои се стручни и професионални. Кажа дека има позитивно мислење за сите кандидати со кои има работено меѓу кои е и кандидатот Џемал Хусмани.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на јавни обвинители во Вишото јавно обвинителство Гостивар.

**Кандидатот Дилавер Бектеши доби 11 гласа ЗА, кандидатот Башким Хисени доби 5 глас ЗА, 3 гласа ПРОТИВ и три ВОЗДРЖАНИ, кандидатот Џелал Хусмани доби 9 гласа ЗА еден ПРОТИВ и еден ВОВДРЖАН.**

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за избор на Дилавер Бектеши и Џелал Хусмани за јавни обвинители во Вишоот јавно обвинителство Гостивар. Функцијата јавен обвинител ќе ја извршува од 01.01.2024 година.**

Под точка четири од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на ден 25.12.2023 година, јавниот обвинител во ОЈО Скопје Искра Лазарова со навршување на 64 години возраст ги исполнува условите за старосна пензија. Воедно предложи Советот да донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител во ОЈО Скопје за јавниот обвинител Искра Лазарова поради исполнување на услови за старосна пензија со навршување на 64 години возраст заклучно со 25.12.2023 година.**

Под точка пет од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на ден 01.01.2024 година јавниот обвинител во ОЈО Скопје, Гордана Ѓешкоска со навршување на 64 години возраст ги исполнува условите за старосна пензија. Воедно предложи Советот да донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител во ОЈО Скопје за јавниот обвинител Гордана Ѓешкоска поради исполнување на услови за старосна пензија со навршување на 64 години возраст заклучно со 01.01.2024 година.**

Под точка шест од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека на ден 10.01.2024 година јавниот обвинител во ОЈО Ресен, Сребре Јовановски со навршување на 64 години возраст ги исполнува условите за старосна пензија. Воедно предложи Советот да донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука и решение за престанок на функцијата јавен обвинител во ОЈО Ресен за јавниот обвинител Сребре Јовановски поради исполнување на услови за старосна пензија со навршување на 64 години возраст заклучно со 10.01.2024 година.**

Пред да се помине на точката седум од дневниот ред, Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовевски истакна дека мотивот по кој ќе се дискутира по оваа точка од дневниот ред е покренатата дисциплинска постапка против јавниот обвинител и со оглед дека е покрената по негова иницијатива смета дека не треба да учествува на седницата по оваа точка од дневниот ред., за да нема никакви сомнежи при донесување на одлука од страна на Советот на јавните обвинители на РСМ. Воедно им се заблагодари на членовите на Советот на досегашната успешна соработка. Кажа дека се имаат соочувано со секави предизвици во делот на Советот и севкупно на Јавнотото обвинителство. Потенцираше дека Советот е изложен на големи предизвици и на членовите на Советот им посака понатамошна успешна работа и се најдобро, по што ја напушти седницата.

Г-дин Антонио Јолевски кажа дека нема потреба од напуштање на седницата од причина што станува збор за престанок на функција јавен обвинител по сопствено барање, а не се решава по дисциплинска постапка.

Збор зема г-дин Ицет Мемети кажа дека не е проблем да се прифати барањето на јавниот обвинител Мартин Митревски за престанок на функцијата јавен обвинител во ОЈО Скопје, но смета дека треба да се разговара во Советот за начинот како се водат дисциплинските постапки и зошто се случуваат вакви ситуации. Истакна дека ова е веќе трет случај каде се води дисциплинска постапка против јавен обвинител, и истите против кои се водат дисциплински и кривични постапки се обидуваат да одат до крај со постапките и доколку не успеат позитивно по нив да завршат постапката знаејќи дека ќе бидат разрешени поднесуваат барање за престанок на функцијата јавен обвинител со што Советот го доведуваат во непријатна состојба. Кажа дека ваквото однесување е еден вид на изигрување на законот. Со мислење е дека Советот треба да размисли за брзината на водењето на дисциплинските постаки, по што не би имало простор за било

какви калкулации. Кажа дека во конкретниот случај сите знаат зошто е поднесено ова барање, од причина што јавниот обвинител знае дека ќе биде разрешен. Постави прашање дали е во ред јавното обвинителство и Советот да трпат ваков вид на удари по однос на сериозноста и поставеност на институциите. Воедно е со мислење дека барањето на јавниот обвинител за престанок на функцијата јавен обвинител не треба да биде прифатено од страна на Советот и дека истиот треба да биде разрешен од страна на Советот. Даде предлог барањето да не се прифати, да се добие дисциплинскиот предмет од страна на Комисијата за кој процес кажа дека тече доста бавно и Советот во најкраток временски рок да го разреши од фукнција јавен обвинител. Второ смета дека Советот треба да се позанимава со работата на Комисијата за утврдување на одговорност на јавните обвинители и дека со овој начин на работа се нанесува штета како на јавното обвинителство, така и на државата. Даде предлог да се одржи состанок и да се разговара со сите членови на Комисијата за вакви битни работи. Напомена дека ова може да се направи и без измени во законот. Воедно предложи во иднина за вакви случаи да не биде исклучена јавноста и истата да биде запознаена.

Г-дин Антонио Јолевски кажа дека законот тоа го овозможува и воедно го прочита членот 44 од Законот за Советот на јавните обвинители, и затоа смета дека треба да има законски измени каде и член на Советот би можел да бара поведување на дисиплинска постапка против јавен обвинител, и да не бидат само вишите јавни обвинители предлагачи. Кажа дека во овој случај Советот има само констатирачка улога.

Г-ѓа Кети Петкова се сложи со колегата Иџет Мемети, дека секој јавен обвинител треба да сноси одговорност за тоа што работи и да нема злоупотреба на службената должност. Смета дека можеби треба да се потикне секој јавен обвинител кој што направил некаква повреда да се процесуира кривична постапка. За конкретниот случај кажа дека Советот неможе поинаку да постапи освен да го разреши јавниот обвинител по негово барање.

Чен на Советот во голем дел се сложи со дискусијата на колегата Иџет Мемети и на останатите колеги, но сепак смета дека е уставно, законско и лично право на јавниот обвинител да бара да му престане функцијата јавен обвинител. Воедно посочи на разликата помеѓу дисциплинската и кривичната постапка, каде што кажа дека дисциплинската постапка завршува со денот кога ја напушта функцијата јавен обвинител без оглед на причините, а кривичната постапка и понатаму може да се води, а во конкретниот случај на овој јавен обвинител требало уште порано да му се поведе дисциплинска постапка. Со мислење е дека предолго бил толериран.

Откако никој не се јави за дискусија, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска го стави на гласање барањето на јавниот обвинител Мартин Митревски за престанок на функцијата јавен обвинител во ОЈО Скопје, по сопствено барање. Со десет гласа ЗА и еден ВОЗДРЖАН (Иџет Мемети) јавниот обвинител во ОЈО Скопје , Мартин Митревски беше разрешен од функцијата јавен обвинител во ОЈО Скопје по сопствено барање заклучно со 20.12.2023 година.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука и решение со кое јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје мартин Митревски по сопствено барање согласно член 44 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ, се разрешува од функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје, заклучно со 20.12.2023 година.**

Под точката разно од дневниот ред Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со содржината на дописот доставен до Советот од страна на Јавниот обвинител на ОЈО Тетово, каде се бара делегирање на јавни обвинители во ова јавно обвинителство. Воедно даде предлог дописот да се препрати до ЈОРСМ на разгледување и согласно нивните видувања да постапат по истото, со оглед на тоа што ова јавно обвинителство се соочува со недостаток на јавно обвинителски кадар кои постапуваат по предмети кои се над пет години.

Под истата точка од дневниот ред г-дин Антонио Јолевски кажа дека Советот ќе мора да назначи ВД Јавен обвинител на Јавното обвинителство на РСМ, и запраша кога се планира седница по оваа точка од дневниот ред. Воедно предложи да се размисли за оглас во ЈОРСМ од причина што наредната година четири јавни обвинители ги исполнуваат условите за старосна пензија во ова јавно обвинителство, и огласот во ВЈО Скопје каде не е извршен избор поради неоценет еден кандидат да се изнајден начин и оваа постапка за избор на јавни обвинители биде завршена.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека до крајот на неделата Советот ќе одржи седница на која ќе се определи ВД јавен обвинител на Јавното обвинителство на РСМ, и воедно ќе се распише оглас за избор за член на Советот на јавните обвинители на РСМ од подрачјето на ВЈО Скопје. Во однос на изборот во ВЈО Скопје, кажа дека е поднесена ургенција до ЈОРСМ и дека сеуште нема одговор.

Под истата точка од дневниот ред Претседателот на Советот кажа дека треба да се формира Комисија за спроведување на попис на основни средства и инвентар во Советот.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи деведесет и втората седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Душица Димитриеска**